ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
ШТИП
Примено: 30. 12. 2022
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
08 | 484/13

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# Извештај за процесот на утврдување на предлог концептите на Источен плански регион во рамки на „Регионални форуми во заедницата" подржан преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој"

Експерт Денис Жерновски

Декември 2022

# Содржина

**Резиме** .......... 3
Прва Форумска сесија – определување на приоритетни области .......... 4
Идентификација на концепт на предлог – проекти .......... 4
  Состаноци со градоначалници .......... 4
  Предлог концепти .......... 5
  Селекција на предлог концептите - Совет на градоначалници .......... 7
Втора Форумска сесија – приоретизација на концепт решенијата .......... 9
Анализи .......... 11
**Дефинирање на листа на предлог проекти - Совет на регионот одлука за предлог проекти кои ќе се аплицираат** .......... 12

# Резиме

Согласно Договорот за услуги за подготовка на концепт решенија за предлог проект и пополнување на Формулар за аплицирање склучен во рамки на проектот „Регионални форуми во заедницата" во Ноември 2022 година, започнато е со имплементирање на активностите предвидени со проектната задача во однос на подготовка на предлог проекти кои би се финансирале во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

Во рамките на договорните активности идентификувани се 5 предлог проекти, од кои врз основа на дефинирани критериуми за пред-селекција (соодветна област и подобласт, готовност за реализација (зрелост), регионален карактер и буџет) дефинирани се 5 концепти на предлог проекти. Овие концепти беа утврдени од страна на Советот за развој на Источен плански регион на $\text{VIII}^{\text{та}}$ редовна Седница со тоа што повеќе предлог проекти беа споени во еден предлог проект. Селектираните концепти беа презентирани во рамките на II Форум, на кој учесниците извршија приоретизација на предложените концепти.

За сите селектирани концепти беше подготвена анализа од повеќе аспекти и истите беа приоретизирани врз основа на најдобра вредност за вложените средства. Предложениот редослед треба да биде усвоен од страна на Советот за развој на Источен плански регион на $\text{IX}^{\text{тата}}$ редовна Седница која треба да се одржи во јануари 2023 година, на која треба и да се усвои и конечната Годишна листа на предлог проекти кои ќе бидат аплицирани за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

За предложените предлог-проекти ќе се подготват Формулари за аплицирање и ќе бидат поднесени за аплицирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

# Прва Форумска сесија – определување на приоритетни области

По добивањето на циркуларното писмо од страна на Бирото за регионален развој, од страна на Центарот за развој на Источен плански регион беше избран модератор и надворешен експерт за реализација на форумскиот процес, чии вработени согласно законската регулатива беа дел од оперативната група.

По екипирањето се започна со подготовка на форумските сесии, во смисла на идентификација на клучните локални / регионални партнери-учесници на форумот и мобилизација на учесници, а согласно упатството за регионални форуми се водеше сметка да бидат информирани учесници од сите општини и да бидат поканети по еднаков број граѓани и со иста структура.

Првата форумска сесија во рамките на Програмата „Регионални форуми во заедницата“ во Источниот плански регион се одржа на 11.11.2022 година во Хотел „Изгрев“ во Штип. На сесијата беа присутни 73 учесници од сите 11 општини од регионот, а гледано по полова структура на форумот 50.69% од присутните беа мажи, додека па 49,31% од присутните беа жени.

По презентацијата на правилата на работа на форумот и информирање на присутните за приоритетните области од кои што треба да се дефинираат приоритетните области, врз основа на гласовите од учесниците беа избрани за приоритетни следните области:

1. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси
2. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација

# Идентификација на концепт на предлог – проекти

## Состаноци со градоначалници

Со цел идентификација на предлог проекти во областите кои беа избрани во текот на првата форумска серија, се одржаа состаноци со градоначалниците и/или претставниците на секоја од општините во Источниот плански регион. Состаноците се одржаа во периодот 01-02.12.2022 година.

На состаноците, градоначалниците беа информирани за исходот од првата форумска сесија и размислувањата на присутните во поглед на приоритетните области кон кои треба да биде насочена работата на општините

и Центарот за развој на Источен плански регион во следната година, како и проблемите со кои се соочува регионот и со дадените предлози за надминување на овие проблеми.

Во текот на состаноците се утврди дека повеќето општини не располагаат со техничка документација (основни проекти) кои се компатибилни со приоритетните области определени од страна на учесниците на форумот и поради тоа се дефинираше поширока временска рамка за да се изработат или докомплетираат техничките документации со кои би можело да се аплицира во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој.

Како резултат на теренските посети, а во согласност и со избраните приоритетни области, беа идентификувани вкупно 35 проекти чии крајни бенефити ќе бидат почувствувани од граѓаните на сите 11 општини.

Предлог концепти

После одржаните состаноци и идентификуваните предлог проекти, се пристапи кон пред-селекција на предлог проектите и тоа врз основа на следните критериуми:

- Област и подобласт
- Готовност за реализација (зрелост)
- Регионален карактер
- Буџет

Беа селектирани следните 10 концепти на предлог проекти:

1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион:
   - Општина Штип – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 40 kWh;
   - Општина Карбинци – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 40 kWh;
   - Општина Кочани – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 210 kWh;
   - Општина Виница – поставување на фотоволтаици на општинска зграда, 40 kWh;
   - Општина Македонска Каменица – поставување на фотоволтаици на градски пазар, куќа на спорт, дом на култура, КЈП, 160 kWh
2. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево во должина од 230 метри;
3. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза, во општина Чешиново-Облешево;

4. Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во село Мородвис, Општина Зрновци;
5. Осветлување на градски парк во општина Виница;
6. Доизградба на рекреативен центар Барски еко-систем Езерце во општина Пехчево;
7. Изградба на пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро;
8. Изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места во село Пишица, општина Пробиштип;
9. Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село, општина Штип;
10. Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Пониква, општина Кочани.

Бидејќи од теренската посета произлезе дека постои потреба од решавање на долгогодишни приоритети кои се од значење за регионот, но пречка претставува немањето на потребната техничка документација, како би се надминала констатираната состојба со недостаток на техничка документација, идентификуван е и еден предлог концепт кој се однесува на изработка на физибилити студии и технички документации и тоа за следното:

1. Изработка на физибилити студија за воспоставување на регионален стационар за бездомни кучиња во Источниот плански регион;
2. Изработка на планска документација за Бањеолошки центар во село Бања;
3. Изработка на техничка документација за пешачко-велосипедска патека долж река Брегалница во должина од 230 метри;
4. Изработка на техничка документација за реконструкција на пристапен пат од општина Пехчево до туристичка населба Рамна Река (Бараки) во должина од 12км;
5. Изработка на техничка документација за реконструкција на пристапен пат од регионален пат до село Русиново во должина од 2км;
6. Изработка на техничка документација за пешачко-велосипедски патеки со пропратни содржини во село Блатец;
7. Изработка на техничка документација за изградба на инфраструктура на СРТЦ Пониква;

## Селекција на предлог концептите - Совет на градоначалници

На VIII[та] седница на Советот за развој на Источен плански регион која се одржа на 20.12.2022 година беа презентирани идентификуваните концепти на предлог проекти кои што произлегоа од теренските посети, а кои ги исполнија критериумите за аплицирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој.

По завршување на презентацијата, од страна на Советот за развој на Источен плански регион беа прифатени презентираните концепти, со предлог за групирање на неколку сродни концепти како би можеле што повеќе општини да имаат бенефит од проекти кои ќе се финансираат преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

Следните концепти беа усвоени:

1. **Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион**

Со набавка и инсталацијата на фотоволтаичните системи ќе се произведуваат по 40kWh во сите објекти посебно, со што ќе се направат значајни заштеди кај овие објекти и директно ќе се намалат трошоците на општините, на сметка на нови инвестиции особено во енергетиката и обновливите извори на енергија.

Во рамки на проектот се опфатени:

- Општина Штип – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 40 kWh;
- Општина Карбинци – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 40 kWh;
- Општина Кочани – поставување на фотоволтаици на филтер станица, 210 kWh;
- Општина Виница – поставување на фотоволтаици на општинска зграда, 40 kWh;
- Општина Македонска Каменица – поставување на фотоволтаици на градски пазар, куќа на спорт, дом на култура, КЈП, 160 kWh.

**Финансиски средства по општина:**

- Општина Штип – 1.800.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Карбинци – 2.712.136,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Кочани – 8.380.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Виница – 1.783.500,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Македонска Каменица – 11.700.000,00 денари со вклучен ДДВ;

**Предвидено кофинансирање:**

- Општина Штип – 180.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Виница – 178.350,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Македонска Каменица – 2.340.000,00 денари со вклучен ДДВ;

2. **Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево**

Делницата предвидена за регулација на река Брегалница е во централното градско подрачје на град Делчево, низводно од регулираното корито во должина од 230 метри. Преку реализација на овој проект ќе се воспостави систем на заштита и управување со природата преку рационално и одржливо искористување на водните ресурси не само во општина Делчево, туку и на останатите општини низ чија територија тече реката Брегалница.

Проценка за потребни финансиски средства за реализација: 21.511.000,00 денари со вклучен ДДВ, без предвидено кофинансирање.

3. **Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза**

Проектот претставува доизградба на мрежата на фекална канализација во селото и одведување на фекалните води до локација предвидена за изградба на пречистителна станица. Со средства од Програмата за регионален развој во 2019 година изградена е првата фаза од фекалната канализација и тоа: Крак К1 со должина од 1163,55м, крак К2 со должина од 1229м, крак К4 со должина од 397,17м, крак К4-1 со должина од 116,18м и колектор од 419,14м (пред третман). За да може системот да се пушти во функција потребно е да се доизградат и останатите краци во селото и да се изгради пречистителна станица за прочистување на отпадните фекални води.

Проценка за потребни финансиски средства за реализација: 18.031.455,00 денари со вклучен ДДВ, со предвидено кофинансирање од 1.803.146,00 денари.

4. **Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион**

Во последните три години значително е зголемен бројот на туристи, со реализирање на овој проект ќе се создадат услови за побрз развој на туризмот на општините Зрновци и Виница и ќе се збогати туристичката понуда со нови содржини со што туристите би го посетувале регионот преку целата година. Со проектот ќе се збогати регионот со туристичка и спортска инфраструктура и ќе се подобрат условите за користење на постојната преку реконструкција на игралиште и осветлување на постоечки парк:

- Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во село Мородвис Општина Зрновци;

- Осветлување на градски парк во општина Виница;

**Финансиски средства по општина:**

- Општина Зрновци – 6.534.094,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Виница – 5.005.560,00 денари со вклучен ДДВ;

Општина Зрновци нема предвидено кофинансирање за реализација на проектот, додека пак општина Виница предвидува кофинансирање во висина од 500.556,00 денари со вклучен ДДВ.

**5. Збогатување на туристичката понуда на Источниот плански регион**

Потребите на регионот најчесто се поврзани со недостаток на туристичка инфраструктура и понуди кои се насочени кон развој на приоритетни сегменти во однос на развој на туризмот. Има ограничена достапност на искуства базирани на локалната култура и историја, како и недостаток на содржини кои ќе овозможат уживање во богатото природно наследство на регионот. Овој предлог проект, за разлика од претходниот, се однесува на изградба на нова инфраструктура и тоа преку:

- Доизградба на барски еко-систем Езерце во општина Пехчево, (завршна фаза);
- Изградба на пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро;
- Изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места во село Пишица, општина Пробиштип;
- Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село
- Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Пониква.

**Финансиски средства по општина:**

- Општина Пехчево – 2.826.804,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Берово – 3.457.905,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Пробиштип – 8.500.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Штип – 7.858.160,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Кочани – 8.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;

**Предвидено кофинансирање:**

- Општина Штип – 1.858.160,00 денари со вклучен ДДВ;
- Општина Кочани – 800.000,00 денари со вклучен ДДВ.

## Втора Форумска сесија – приоретизација на концепт решенијата

По завршувањето на теренската посета и групирањето на предлог концептите согласно насоките од страна на Советот за развој на Источен плански регион, заедно со оперативната група заедно со модераторот се пристапи кон организација на втората форумска сесија. Во процесот на

доработка на предлог концептите, доста значаен елемент беше комуникацијата со иницијаторите и предлагачите на концептите кои имаа значаен придонес во финализирањето на концептите согласно мислењето на претставниците на регионот.

На 26.12.2022 година во Хотел „Изгрев" во Штип се одржа Втората форумска сесија на која присуствуваа 50 учесници од целиот регион, задржувајќи го приближно истиот процент на полова структура исто како и на првата форумска сесија.

Втората форумска сесија имаше за цел да ги презентира групираните предлог концепт решенија, а од страна на сите присутни се разви дискусија за тоа како би можеле истите да се подобрат.

Присутните на форумот беа едногласни во заклучокот дека имајќи го предвид вкупниот износ на средства кои стојат на располагање од страна на државата, како би можеле што повеќе општини да реализираат проекти од оваа Програма и поголем број на граѓани да ги почувствуваат бенефитите, потребно е општините да го зголемат своето кофинансирање на нешто повеќе од 20% по проект.

Крајниот исход на втората форумска сесија беше да се изврши приоретизација на предложените концепти на предлог проектите кои се предложени за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година и тоа според следниот редослед:

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Партнер | Број на поени | Ранг број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион | Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Македонска Каменица | 28 | 1 |
| 2 | Збогатување на туристичката понуда на регионот | Штип, Пробиштип, Пехчево, Берово, Кочани | 23 | 2 |
| 3 | Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион | Зрновци, Виница | 20 | 3 |
| 4 | Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза | Чешиново – Облешево | 10 | 4 |
| 5 | Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево | Делчево | 9 | 5 |

# Анализи

Со цел согледување на изводливоста на секој предлог проект, како и согледување на најдобрата вредност за вложените средства, дефинираните концепти за предлог проектите беа анализирани по претходно дефинирани критериуми и тоа:

- Спремност на проектот за имплементација
- Анализа (проценка)
  - Финансиски придобивки
    - Директни финансиски придобивки
    - Индиректни финансиски придобивки
  - Економски придобивки
  - Социјални придобивки
  - Животна средина
  - Најдобра вредност за вложени средства (1.000.000,00 денари)

Со цел дефинирање на вредноста на вложените средства беше подготвена табела за бодување на секој од претходно споменатите критериуми.

| **Корисност** | **Максимум** | **Оценка** |
|---|---|---|
| • Директни финансиски придобивки | 15 | |
| • Индиректни финансиски придобивки | 10 | |
| • Економски придобивки | 25 | |
| • Социјални придобивки | 25 | |
| • Животна средина | 25 | |
| **Вкупно бодови** | 100 | |

Вредноста на секој предлог проект се дефинираше на еден милион вложени денари, по следната формула ***<u>Вкупен број на бодови / Проценет буџет во денари во милион денари.</u>***

Врз основа на извршената анализа добиени се следните резултати:

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Број на поени |
|---|---|---|
| 1 | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион | 96 |
| 2 | Збогатување на туристичката понуда на регионот | 88 |
| 3 | Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион | 82 |
| 4 | Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза | 71 |
| 5 | Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево | 76 |

## Дефинирање на листа на предлог проекти - Совет на регионот одлука за предлог проекти кои ќе се аплицираат

Во тек на месец јануари ќе се одржи IX-тата Седница на Советот за развој на Источен плански регион на која резултатите од извршените анализи на предложените концепти на предлог проектите ќе бидат презентирани пред градоначалниците, заедно со препораките од учесниците на Втората форумска сесија.

По завршување на презентацијата ќе се донесе Одлука за утврдување на Годишната листа на предлог проектите кои ќе бидат поднесени за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

За сите предлог проекти ќе се подготват Формулари за аплицирање и ќе биде комплетирана и потребна пропратна документација.

Подготвил:
Надворешен експерт
Денис Жерновски